УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Оддел за Џез студии
Штип

Антонијо Китановски

# МУЗИКАТА ОРНЕТ КОЛМЕН (Ornette Coleman)
МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Штип, септември 2012

**Комисија за оценка и одбрана**

**Ментор** Сашо Поповски
Доц. М-р, факултет за музичка уметност, УГД-Штип

**Член** Илчо Јованов
Вон.проф. Д-р, Факултет за музичка уметност, УГД-Штип

**Член (председател)** Георѓи Мицанов
Вон.проф. М-р, факултет за музичка уметност, УГД-Штип

Содржина:

1. Опис на разработка на темата

2. Програма / избор на композиции

3. Литература

## 1. Опис на разработка на темата

# Музиката на Орнет Колмен (Ornette Coleman)

Овој текст ја дообјаснува и прецизира процедурата и третманот на темата при изведбениот (практичен) дел на овој уметнички труд. Тука се лоцирааат предметот, целите, методологијата, хипотезите и се формулира заклучок произлезен од естетско-теоретско-филозофската анализа на предметот. Изведбениот дел е дизајниран според овој заклучок.

Долгата активна присутност на г-дин Колмен на светската сцена резултира со акумулација на несекојдневно голем опус како изведувач, композитор и водач на состави. Често е нарекуван „Татко на Фри џез изразот“ и од крајот на петдесеттите години од дваесеттиот век со несмалена иноваторска жестина ја освојува позицијата на еден од малкумината водечки авангардисти. Одтаму, предмет на ова истражување и концертна презентација се композиторско-изведувачко-лидерско-стилски елемнти на музичкиот опус на Орнет Колмен.

1.1. Целта на оваа анализа е да се сублимираат искуствата и определи нивното влијание, не врз историско-регионални и слични вообичаени полиња туку врз изразот и музичкиот јазик на еден единствен изведувач со веќе изграден личен израз и музички став кој исто така е инструменталист-композитор и водач на состав и во случајов автор на овој текст.

1.2. Методот на припрема за изведбениот, музички заклучок се состои од:

- Избор на четири разнородни композиции од Орнет Колмен
- Мелодиско-хармонско-ритмичка анализа на истите
- Припрема на аранжмани или насоки по кои ќе биде организирана звучната слика на изведувачкиот состав

Самата изведба содржи елементи карактеристични за музиката на Орнет Колмен изразени во духот на неговиот музички израз – афирмација на оригиналниот и авангарден пристап.

1.3. Неколкуте главни хипотези кои овој труд ги претставува најдобро е да бидат накратко обелоденети во пишана форма. Музиката на Орнет Колмен одсекогаш генерирала контраверзи и била предмет на неверојатно голем број истражувања и анализи.  Малкуте хипотези наменети за конципирње на практичниот дел од овој труд се веќе многупати истражувни. Особеноста тука е во оригиналниот изведбен третман. Хипотезите се:

- Иако неговата музика била предмет на неброено многу објавени истражувања на неговиот „хармолодик“ (harmolodic) систем, тој самиот нема напишано ниту збор. Системот е фиктивна и во ретките интервјуа со самиот Колмен прилично романтично претставена идеја
- Посветување внимание врз ритмичкото шаренило, разнородноста на фразите и интервалите во неговите композиции се елементарен предуслов за разбирање на импровизаторската подлога на неговата музика
- либерализација  на музичката форма и звучниоти израз се основи на експресионизмот во џез идиомот
- постојано свежиот пристап кон групната импровизација е еден од темелите на авангардниот звук и негов основен валидитет.

### 1.4. Заклучок

Во музиката премногу често се афирмираат термините слух, техника и интерпретација.

Далеку поретко им се посветува внимание на термините меморија, перцепција и интензитет.

Изведбата на дела од Орнет Колмен, омаж на неговиот импровизаторски и лидерски опус би требало посуштествено да ги афирмира термините од втората група. Секако, зачинети со оригинален израз и критички пристап кон музичката теорија, можеби и со поглед кон иднината.

Вистински валиден начин на изведба на неговата музика мора да биде револуционерен, авангарден, контраверзен и колку и да звучи контрадикторно – втемелен во музиката на минатото.

**2. Програма** / Избор на композиции од опусот на Орнет Колмен

2.1.Години на законот (Law years) - 1971

2.2.Блуз конотација (Blues connotation) - 1960

2.3.Осамената жена (Lonely woman) - 1959

2.4.Хронологија (Chronology) - 1959

# LAW YEARS
# (Години на законот)




„Години на законот“ е компонирана за албумот „Научна фантастика “ од 1971. Тој албум се појавува цели десет години после предходното издание.

На своевиден начин користи елементи на блуз, истакнато мешање на дур и мол и дванаесет-тактна фраза. Интервалски ги афирмира тоновите: D-Es, G-As,(квинтни чекори) и Fis-G, H-C(квартни чекори).

Импровизаторската подлога се базира на апсолутна хармонска слобода.

BLUES CONNOTATION

(Блуз конотација)




„Блуз конотација“ е стандардна блуз форма со скратен 12ти такт. Изложува мошне интересна комбинација на антеседентни и консеквентни фрази во различни октави.

# CHRONOLOGY
# (Хронологија)



„Хронологија“ наликува на стандардна триесетидвотактна фраза во ААБА форма, но во А делот недостасува по еден такт. Ова создава особен проблем при импровизација. Оваа композиција е една од серијата кои се најблиску до Би-Бап музиката од четириесеттите и еден од корените на изразот на Колмен но и на неговиот долгогодишен соработник Ед Блеквел.

# LONELY WOMAN
# (Осамената жена)




„Осамената жена“ е балада од првата фаза на Колмен. Во неа се аформира интервалот кварта и мелодискиот потенцијал произлезен од мешање на хармонска и мелодиска молска скала на нетрадиционален начин.

## 3. Литература


- „Години на законот“, транскрипција од Томас Саутер (Tomas Sauter)
- „Осамената жена“ , транскрипција од Виле Ваананен (Ville Vaananen)
- „Блуз конотација“ и „Хронологија“, издание на MJQ Music
- “Science Fiction” ,CD Columbia records
- “Shape of jazz to come”. CD Atlantic records
- “This is our music” , CD Atlantic records

Антонијо Китановски

МУЗИКАТА ОРНЕТ КОЛМЕН (Ornette Coleman)

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП